# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 6 | понеделник, 30 јуни 2025 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


### С о д р ж и н а

#### Градоначалник на Општина Струмица:


**Рег.бр.** **Стр.**

**163.Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 52-та седница на Советот на општина Струмица ....................................................................................................................3


#### Совет на Општина Струмица:


**Рег.бр** **Стр.**

164.**Одлука** за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година.............................. 4

**165.Одлука** за поставување на спомен обележје - биста на Ѓорги Ѓоргиев и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани........ 5

**166.Одлука** за утврдување потреба од кофинансирање на проекти во рамките на јавни повици организирани преку РеЛОад3 проектот финансиран од УНДП......................5

**167. Одлука** за доделување парична помош на Анкица Танева од Струмица..................... 5

**168**. **Одлука** за доделување парична помош на Ленче Гонева од с.Добрејци..................... 5

**169. Одлука** за доделување парична помош на Тереза Панева од Струмица.................... 6

**170.Одлука** за давање на времено користење на објект на Алпинистички клуб СКАЛА Струмица........................................................ 6

**171.Одлука** за давање на времено користење на општинско фудбалско игралиште на ФК АП БРЕРА Струмица........................................... 7

**172.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите помеѓу ГП 30.24 и ГП 30.25, дел од Блок 30 во Струмица, Општина Струмица.....8

**173.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите помеѓу дефинираните градежни парцели на КП 3543 и КП 3538 КО Струмица.........................................................8

**174.Одлука** за утврдување на Урбанистички Проект со план за парцелација за поделба на ГП 36-4 ( УБ 36 ) во Струмица........................9

**175.Решение** за разрешување и избор на член на Верификационата комисија............10

**176.Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.................................... 10

**177.Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за статут и прописи.......10

**178.Решение** за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата.....................................................10

**179.Решение** за разрешување и именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈПЗБК „Стационар - ЛАНА“ Струмица......................................................11

**180.Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година..............................................11

**181.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Јане Сандански“ Струмица......................................................12

**182.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица......................................................**12**
**183.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Видое Подгорец“ Струмица......................................................**12**
**184.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица......................................................**13**
**185.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Маршал Тито“ Струмица......................................................**13**
**186.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Сандо Масев“ Струмица...**13**
**187. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Даме Груев“ Куклиш...........................................................**13**
**188. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Маршал Тито“ Муртино........................................................**14**
**189. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Дабиле..........................................................**14**
**190. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Герас Цунев“ Просениково.................................................**14**
**191. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Гоце Делчев“ Вељуса...........................................................**14**
**192. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООМУ „Боро Џони“ Струмица......................................................**15**

..........................................................................................................

## 163.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ 202/24) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 52-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 52-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 27.06.2025 година и тоа:

1. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година, бр.08-4736/1 од 30.06.2025 година;
2. Одлука за поставување на спомен обележје - биста на Ѓорги Ѓоргиев и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани, бр.08-4737/1 од 30.06.2025 година;
3. Одлука за утврдување потреба од кофинансирање на проекти во рамките на јавни повици организирани преку РеЛОад3 проектот финансиран од УНДП, бр.08-4738/1 од 30.06.2025 година;
4. Одлука за доделување парична помош на Анкица Танева од Струмица, бр.08-4739/1 од 30.06.2025 година;
5. Одлука за доделување парична помош на Ленче Гонева од с.Добрејци, бр.08-4740/1 од 30.06.2025 година;
6. Одлука за доделување парична помош на Тереза Панова од Струмица, бр.08-4741/1 од 30.06.2025 година;
7. Одлука за давање на времено користење на објект на Алпинистички клуб СКАЛА Струмица, бр.08-4742/1 од 30.06.2025 година;
8. Одлука за давање на времено користење на на општинско фудбалско игралиште на ФК АП БРЕРА Струмица, бр.08-4743/1 од 30.06.2025 година;
9. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите помеѓу ГП 30.24 и ГП 30.25, дел од

Блок 30 во Струмица, Општина Струмица, бр.08-4744/1 од 30.06.2025 година;

10. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите помеѓу дефинираните градежни парцели на КП 3543 и КП 3538 КО Струмица, бр.08-4745/1 од 30.06.2025 година;
11. Одлука за утврдување на Урбанистички Проект со план за парцелација за поделба на ГП 36-4 ( УБ 36 ) во Струмица, бр.08-4746/1 од 30.06.2025 година;
12. Решение за разрешување и избор на член на Верификационата комисија, бр.08-4747/1 од 30.06.2025 година;
13. Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, бр.08-4748/1 од 30.06.2025 година;
14. Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за статут и прописи, бр.08-4749/1 од 30.06.2025 година;
15. Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, бр.08-4750/1 од 30.06.2025 година;
16. Решение за разрешување и именување на вршител на должност член на Управниот одбор на ЈПЗБК „Стационар - ЛАНА“ Струмица, бр.08-4751/1 од 30.06.2025 година;
17. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година, бр.08-4752/1 од 30.06.2025 година;
18. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Јане Сандански“ Струмица, бр.08-4753/1 од 30.06.2025 година;
19. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица, бр.08-4754/1 од 30.06.2025 година;
20. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Видое Подгорец“ Струмица, бр.08-4755/1 од 30.06.2025 година;
21. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица, бр.08-4756/1 од 30.06.2025 година;
22. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Маршал Тито“ Струмица, бр.08-4757/1 од 30.06.2025 година;
23. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Сандо Масев“ Струмица, бр.08-4758/1 од 30.06.2025 година;
24. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Даме Груев“ Куклиш, бр.08-4759/1 од 30.06.2025 година;
25. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Маршал Тито“ Муртино, бр.08-4760/1 од 30.06.2025 година;
26. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Дабиле, бр.08-4761/1 од 30.06.2025 година;
27. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Герас Цунев“ Просениково, бр.08-4762/1 од 30.06.2025 година;
28. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Гоце Делчев“ Вељуса, бр.08-4763/1 од 30.06.2025 година;
29. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООМУ „Боро Џони“ Струмица, бр.08-4764/1 од 30.06.2025 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-4765/2 | Општина Струмица |
| 30.06.2025 год. | Градоначалник |
| С т р у м и ц а | Костадин Костадинов |

....................................

**164.**

Врз основа на чл. 17 од Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24 и 272/24), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21,77/2, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 2 точка 8 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20), одредбите од Колективниот договор на Општина Струмица бр. 03-5090/1 од 30.06.2022 година и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на 52-та седница одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 17/24, 1/25 и 3/25) се врши следната измена:

**Член 1**

Во Член 9, коефициентот „2,79“, се заменува со коефициентот „2,47“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-4736/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**165.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за поставување на спомен обележје – биста на Ѓорги Ѓоргиев и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува поставување на спомен обележје – биста во чест на Ѓорги Ѓоргиев од Струмица и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани.

**Член 2**

Спомен обележјето – биста во чест на Ѓорги Ѓоргиев од Струмица и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани ќе биде изработена врз основа на собрани донации, по иницијатива на Димитар Ѓоргиев од Струмица.

**Член 3**

Местоположбата за поставување на спомен обележјето – биста во чест на Ѓорги Ѓоргиев од Струмица и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани, се определува на КП бр.6289 во КО Струмица.

**Член 4**

За чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен обележјето – бистата на Ѓорги Ѓоргиев од Струмица и трагично загинатите жртви од пожарот во Кочани ќе се грижи Општина Струмица.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-4737/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**166.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ” број 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување потреба од кофинансирање на проекти во рамките на јавни повици организирани преку РеЛОад3 проектот финансиран од УНДП**

**Член 1**

Се утврдува потреба од кофинансирање на проекти рамките на јавни повици организирани преку РеЛОад3 проектот финансиран од УНДП.

**Член 2**

Во врска со проектот Регионална програма за локална демократија (ReLOad3), Општина Струмица ќе аплицира на јавен повик отворен за изразување учество во програмата ReLOad3.

**Член 3**

За кофинансирање на проекти рамките на јавни повици организирани преку РеЛОад3 проектот финансиран од УНДП,потребно е кофинансирање од страна на општина Струмица во висина од 25% од вредноста на проектот, доколку бидеме прифатени од страна на комисијата за евалуација при УНДП.

Потребните финансиски средства за кофинансирање, да се обезбедат од Буџетот на Општина Струмица за 2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Струмица.

Бр.08-4738/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**167.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Анкица Танева од Струмица**

**Член 1**

На Анкица Танева од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4739/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**168.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Ленче Гонева од с.Добрејци**

**Член 1**

На Ленче Гонева од с.Добрејци и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4740/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**169.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Тереза Панева од Струмица**

**Член 1**

На Тереза Панева од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,00 денари, како помош за санација на штета на објект поради настанат пожар.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4741/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**170.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање на времено користење на објект на Алпинистички клуб СКАЛА Струмица**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Струмица, дава на времено користење објект, во сопственост на Општина Струмица кој се наоѓа на КП бр.7034/23, згр.бр.4, намена на згр. В4-10, влез 1, кат ПР, број 0, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 356 м2, запишан во Имотен лист бр. 57429 КО Струмица на Алпинистички клуб Скала – Струмица.

**Член 2**

Објектот опишан во член 1 од Оваа Одлука се дава на времено користење, без надомест за период од 10 години, со можност за продолжување, а се со цел опремување и ставање во функција на планинска спасувачка служба за спасување на планина нудејќи итна помош во случај на несреќи, како и да го поттикне локалното население да започне да се занимава со ваков вид активности, а која служба ќе функционира во регионот и ќе ја покрива територијата на Општина Струмица. Алпинистичкиот клуб Скала – Струмица го бараат објектот опишан во член 1 од оваа Одлука со цел негово приспособување во целосно функционална спасителна станица во која освен чување на опремата и возилата на службата ќе се изведуваат и голем број на образовни содржини кои ќе имаат за цел превенција и запознавање на младите и возрасните за правилата на безбедно движење низ планините кои се природен хабитат и сочинуваат голем дел од рељефот на нашата Општина.

**Член 3**

Примопредавањето на објектот од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши со Комисија формирана од Градоначалникот на општина Струмица.

**Член 4**

Од денот на примопредавањето на просториите, корисникот е должен истиот да го

користи како добар домаќин според неговата намена.

Корисникот одговара за штетата што ќе настане со неодговорно однесување и користење на објектот спротивно на став 1 од овој член.

**Член 5**

На корисникот не му е дозволено да ги издава просториите од член 1 на оваа Одлука во подзакуп на други физички или правни лица за вршење на друга дејност.

**Член 6**

Правото на користење на просториите на корисникот, ќе престане доколку:

- со правосилна судска одлука му се изрече забрана за вршење на дејност;
- престане да ја обавува дејноста во објектот за која е регистриран;
- ако не го користи објектот и просториите согласно намената или врши пренамена на објетот
- доколку на несовесен начин нанесува штета на објектот и просториите;
- ако навремено не ги извршува тековните обврски.

**Член 7**

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа Одлука, ќе се регулираат со посебен договор помеѓу Општина Струмица и Алпинистички клуб Скала – Струмица.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4742/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**171.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање на времено користење на општинско фудбалско игралиште на ФК АП БРЕРА Струмица**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Струмица, дава на времено користење општинско фудбалско игралиште, во сопственост на Општина Струмица кој се наоѓа на КП бр.988/1, со површина 8800 м2, запишан во Имотен лист бр. 360 КО Градско Балдовци на ФК АП БРЕРА Струмица.

**Член 2**

Фудбалското игралиште опишано во член 1 од Оваа Одлука се дава на времено користење, без надомест за период од 10 години, со можност за продолжување, а се со цел да се инвестира во него и да се оспособи за тренинзи и натпревари, како и користење на игралиштето и од страна на децата од ПООУ Никола Вапцаров Градско Балдовци, ФК Спартмани и ЖФК Тиверија Брера АД Струмица, како и сите фудбалски спортски клубови од населено место Градско Балдовци, со претходно утврдени термини.

**Член 3**

Примопредавањето на фудбалското игралиште од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши со Комисија формирана од Градоначалникот на општина Струмица.

**Член 4**

Од денот на примопредавањето на фудбалското игралиште, корисникот е должен истиот да го користи како добар домаќин според неговата намена.

Корисникот одговара за штетата што ќе настане со неодговорно однесување и користење на фудбалското игралиште спротивно на став 1 од овој член.

**Член 5**

На корисникот не му е дозволено да го издава во подзакуп на други физички или правни лица за вршење на друга дејност.

**Член 6**

Правото на користење на фудбалското игралиште на корисникот, ќе престане доколку:

- со правосилна судска одлука му се изрече забрана за вршење на дејност;
- престане да ја обавува дејноста за која е регистриран;
- ако не го користи фудбалското игралиште согласно намената или врши пренамена на истото;
- доколку на несовесен начин нанесува

штета на фудбалското игралиште;
- ако навремено не ги извршува тековните обврски.

**Член 7**

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа Одлука, ќе се регулираат со посебен договор помеѓу Општина Струмица и ФК АП БРЕРА Струмица.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4743/1 Совет на општина Струмица
30.06.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 172.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација**
**за промена на границите помеѓу ГП 30.24 и ГП 30.25,**
**дел од Блок 30 во Струмица, Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за промена на, границите помеѓу ГП 30.24 и ГП 30.25, дел од Блок 30 во Струмица, Општина Струмица.

Предметниот проектен опфат е составен од две градежни парцели ГП30-24, (формирана од делови од КП3786/1 и КП3785,) и ГП30-25, (формирана од делови од КП 3786/2 и КП3785.). Границата на проектниот опфат делумно се поклопува со границите на катастарските парцели КП 3786/1 и КП 3786/2 КО Струмица, освен во деловите на север и северо-исток каде што граница е регулационата линија на “Ул. Кирил и Методиј” и “Ул. Кочо Рацин”.

**Член 2**

